SCOUTS®

Создаваме подобар свет

Годишен извештај

За работата на Сојузот на извидници на Македонија во 2015 година

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Јануари 2016 година


SCOUTS
Создаване подбор свет

Почитувани,

Овој извештај ги содржи активностите на СИМ, неговите органи и неговите членки, кои определени настани и активности ги пријавиле и спровеле во името на СИМ во периодот 01.01-31.12 2015 год. Во периодот 2014/2015, Сојузот броеше 19 членови, од кои 14 полноправни и 5 придружни. Членството на СИМ достигна бројка од вкупно 1650 Извидници.

МИСИЈА

Мисијата на Сојузот на Извидници на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

ВИЗИЈА


Сојузот на Извидници на Македонија е релевантна, атрактивна и самоодржлива организација која обединува млади луѓе преку современа прогресивна програма која ги исполнува општествените потреби на младите во Р.Македонија и го гради нивниот карактер врз база на позитивните извиднички вредности и принципи."

Основни активности на Сојузот на извидници на Македонија

- Неформално образование за млади луѓе користејќи го извидничкиот метод.
- Атрактивна програма за млади со многу активности во природа кои ќе обезбедат развој на интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерен и емотивен аспект на секој млад човек.
- Промовирање на активно граѓанство.
- Промовирање на младински активизам и иницијативизам.
- Поддршка во развој на заедницата на локално и национално ниво.
- Промоција и практикување на демократијата и човечките права преку стимулативни средби и процеси.
- Поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции.

Таргет група (Целна група)

Членови на Сојуз на извидници на Македонија се деца, млади луѓе и постари луѓе. Со комплетирање на програмата на одредите и Сојузот на извидници на Македонија тие земаат активно учество во активности во нивната заедница и помагаат во зголемување во квалитетот на живеењето.



Листа на извиднички одреди регистрирани во периодот од 2014/2015

1. И.П.О. Галеб - Скопје
2. И.П.О. Јадран - Скопје
3. И.О. ММ Брицо - Скопје
4. И.О. Браќа Миладиновци - Скопје
5. И.О. Илинден - Скопје
6. И.О. Марково Крувче - Скопје
7. И.О. Скаут - Куманово
8. И.О. Димитар Влахов - Велес
9. И.О. Гоце Делчев – Свети Николе
10. И.П.О. Крсте Јон - Струга
11. И.О. Мирко Милески – Кичево
12. И.О. Пионер – Охрид
13. Прв Скопски Извиднички Одред - Скопје
14. И.О. Башкими – Зајас

Придружни Членки

1. И.О. Наум Наумовски - Борче – Крива Паланка
2. И.О. Феникс – Прилеп
3. И.О. Илирија – Желино
4. И.О. Калкан – Тетово
5. И.О. Зага – Скопје (Примен под назив ОГС)

2015




+1650
ЧЛЕНОВИ



+20
ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ

152
УЧЕСНИЦИ



19
ОДРЕДИ

17,5% РАСТ



РАЗВИГОРЦИ (7-11) ---------- 11%

ИЗВИДНИЦИ (11-15) ---------- 27%

ИСТРАЖУВАЧИ (15-18) ---------- 22%

РОВЕРИ (18-29) ---------- 23%

СЕНИОРИ (29+) ---------- 17%

22
ОРГАНИЗИРАНИ НАСТАНИ





17403
ВОЛОНТЕРСКИ ЧАСОВИ



13
МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ



+3659
посети на нашата страна



+236 запалени огнови



+4761
испратени мејлови

+3120
кафиња



КМ

+3000



Работата на органите на Сојуз на извидници на Македонија и нивните членови

Собрание на СИМ

Редовно годишно собрание на СИМ - Јануари

Собранието на Сојузот на Извидници на Македонија се одржа на ден 25.01.2015 година во просториите на Дом на градежници-Кочо Рацин, Скопје, со почеток во 11:00 часот.



На Собранието беа поканети да присуствуваат вкупно 64 делегати од 11 Извиднички Одреди од целата република како и останати гости.

Седницата на Собранието започна со презентација на Годишниот извештај од страна на Генералниот Секретар за работата на Канцеларијата извршена во 2014 година, која беше надополнета од страна на Комесарот за Меѓународни односи околу активностите на Бирото и Меѓународните настани кои беа посетени од Сојузот и неговите членови. По презентацијата Собранието заклучи дека 2014 година беше успешна година во сите полиња за Сојузот.

На седницата исто така се избра новиот Надзорен Одбор на Сојузот како и нов член на Старешинството на Сојузот.

Извидничкиот Одред „Калкан" од Тетово стана 16-тиот член на Сојузот на Извидници на Македонија.

Најдолга беше дискусијата околу промената и модернизацијата на Статутот која заврши со гласање каде што делегатите имаа поделено мислење и Статутот не се прифати.

Редовно годишно собрание на СИМ - Октомври

Собранието на Сојузот на извидници на Македонија се одржа на ден 04.10.2015 година во просториите на Дом на градежници – Кочо Рацин, Скопје со почеток во 10 00 часот. На Собранието беа поканети да присуствуваат вкупно 71 делегат од 12 Извиднички Одреди во Р.Македонија како и останати гости.

Седницата на собранието започна со презентација на тековните проекти и проектите кои завршиле во 2015 од страна на Генералниот Секретар Горан Ѓорѓиев. Многубројните меѓународни настани и активности беа презентирани од страна на Комесарот за меѓународни односи Јане Плавески, а потоа и Ана Костовска, Комесар за програма ја презентираше новата програма, која беше поздравена од сите делегати на Собранието.

Старешината на Сојузот, Огнен Стефановски со огромно задоволство ги повика да истапат новите тренери од прв степен во Сојузот на извидници. Тој му ја додели честа на Началникот на Бирото на СИМ, Христијан Мирчески да им ги додели дипломите и „Wood Badge" марамите. Делегатите на Собранието им честитаа на новите тренери Снежана Јанковиќ, Бобан Москов и Благојче Секулоски, воедно ги охрабрија да ја продолжат својата работа и во понатамошниот период да имаат голем број на успешно организирани тренинзи и активности.

Како нови членови во старешинството на Сојуз на извидници на Македонија беа изгласани Мартин Паневски од ИО „Скаут", Влатко Влахчев од ИО „Димитар Влахов" и Ернест Медуњанин како претставник на ИО „Илинден".

По две години како придружни членки, својот статус како полноправни членки го добија извидничките одреди „Пионер" од Охрид и „Башкими" од с. Долно Строгомиште, на кои како членови во старешинството беа изгласани Елвис Тодоровски и Весел Јонузи, следствено.

Делегатите на Собранието едногласно ги прифатија извидничките одреди „Феникс" од Прилеп, „Илирија" од с.Требош и Зага од Скопје како придружни членки на СИМ.

Старешинство на СИМ

Во оваа 2015 година Старешинството на СИМ оддржа 6 (50% помалку од 2014) седници преку кои управното тело на Сојузот на извидници на Македонија успешно ја водеше организацијата и носеше одлуки во својот домен дефиниран со Статутот на СИМ.

Старешина на СИМ (од 2013 година): Огнен Стефановски.





Членови на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија:

Јане Илијески, Бранко Трајков, Антонија Павковиќ Мирческа, Александар Миладинов, Васил Асанчаровски, Ернест Медунјанин, Мартин Паневски, Раде Гогоски, Весел Јонузи, Влатко Влахчев, Христина Крстеска и Елвис Тодоровски. (по редослед)



Седниците на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија траеа вкупно 19,2 часа или во просек една седница траеше 200 минути. Членовите на Старешинството покажаа редовност и посветеност во текот на годината така што 3 членови на Старешинството немаат пропуштено седница. Останатите 9 членови не присуствувале на повеќе од 2 седници. Редовноста и посветеноста овозможи Старешинството да функционира редовно без проблеми да се оствари кворум за работа.

Најчеста точка на дневниот ред на седниците на Старешинството во 2015 година беше – Тековни активности и Извидник ДООЕЛ.

Во 2015 година Старешинството беше постојано вклучено во следењето на имплементацијата на Стратегијата на СИМ и во имплементирањето на проектните активности. Согласно стратегијата во работата на Старешинството се воведува нов механизам со кој секој од членовите на Старешинството ќе има приоритетна област на која ќе работи заедно со секретаријатот и Бирото на СИМ. Овој модел ќе започне да се применува од 2015 година.

Биро на Сојуз на извидници на Македонија

Началник на биро



Христијан Мирчевски

Интернационален комесар



Јане Плавевски

Началник за програма



Ана Костовска

2015та година ќе ја помниме како една од поуспешните години на Бирото на СИМ. Поради тоа што останаа непроменети членовите, постојано беше видливо подобрување и зајакнување на Бирото и неговата ефикасност во работата. И покрај одличната работа на Бирото сепак не беа видливи големи промени во работата на комесаријатите.

Како поактивен комесаријат се јавува програмскиот, кој продолжи и во 2015 година активно да работи на програмата. За разлика од претходната година, оваа немаше толку голема вклученост од самите членови, туку повеќе од одредите. Во текот на 2015 година новата пилот програмата беше спроведувана во секој одред низ Македонија, па членовите беа ангажирани околу контрола при спроведувањето и евалуација за време на истото. Иако веќе постоеше програма сепак членовите продолжија со засилено темпо да работат и на нови активности кои понатаму ќе се спроведуваат од страна на одредите, а и полека се спремаа за ревизија на програмата, по што ќе се официјализира и применува од сите извидници во Македонија.

Интернационалниот комесаријат продолжи и оваа година да ги остварува замислените цели, па дури и надминува во одредени случаи. Со новите партнерства, зајакнатата комуникација со постоечките врски, односно другите сојузи, кои помогнаа да повеќе од 200 извидници учествуваат во интернационално искуство, било тоа извиднички камп во Македонија или надвор, или пак настан од поголеми размери, очигледно е дека работата на комесаријатот е исклучително активна.

Сеуште неоформени останаа комесаријатот за обука на кадри и односи со јавност, но нивната работа како и досега беше превземена од страна на канцеларијата на СИМ. Имено, во канцеларијата на СИМ беа примени нови вработени конкретно за овие задолженија, па недостатокот од комесаријати беше пополнет од страна на канцеларијата која повеќе од успешно ја превзема и исполни оваа обврска. СИМ започна активно да ги користи сите канали за комуникација, интерни и екстерни што е само зачетокот на работата која канцеларијата ја извршува.

КАНЦЕЛАРИЈА НА СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СИМ



Горан Ѓорѓиев

Во 2015 година канцеларијата на СИМ работеше постојано давајќи подршка на останатите органи на СИМ и вршејќи ја својата административна и финансиска должност. Генерално канцеларијата функционираше на нивото на зададените задачи и успешно ја менаџираше работата и комуникацијата во организацијата.

Од финансиски аспект како тело кое во моментов е задолжено за прибирање на финансии и финансиското работење на извршните тела на Сојузот на извидници на Македонија во 2015 година беше остварена предвидената финансиска рамка. Во канцеларијата на СИМ во 2015 година како асистенти и волонтери работеа дополнително 6 лица со оглед на потребата да се одговори на обемот на зададените задачи..

Васил Асанчаровски – Асистент генерален секреатар

Влатко Костовски – Асистент за комуникација

Илија Алагозовски – Асистент за организациски развој

Ангела Николиќ – Асистент за односи со јавност

Никола Уневски – Асистент за оординација на волонтери

Виктор Петрушевски – Асистент за надворешни работи

Клер Лепатре (Claire Lepaytre) – Француски волонтер за мегуародна соработка

НАДЗОРЕН ОДБОР НА СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

Надзорниот одбор држеше седници и репотираше пред Собранијата.

Членови на Надзорен Одбор:

Никола Гроздановски,

Драган Ристовски и

Живко Миладинов.

УПРАВИТЕЛ НА ИЗВИДНИК ДООЕЛ

Извидничкиот центар во Охрид како најголем извидnички центар, во 2015 година беше даден на менаџирање на приватни партнери.

Пред половината на годината беше постигна договор за партнерство кој не се формализираше поради техничко правни недостаоци.

Работењето на центарот се одвиваше непречено по што со завршувањето на сезоната се врати во управување на Сојузот на извидници на Македонија.

Управител на Извидник ДООЕЛ, компанијата која го менаџира центарот остана Таше Пасинечки се до крајот на 2015 година.

На самиот крај на 2015 година за нов управител беше назначен Виктор Петрушевски кој дотогаш ја обавуваше функцијта Асистент за надворешни работи во канцеларијата на СИМ.

Извиднички центри

Во Република Македонија активно функционираат 6 центри за кои постојано волонтираат повеќе од 80 извидници. Извидничките центри постојат со цел за младите да можат да избегаат во природата, да ја уживаат, истражуваат, да доживуваат авантури, но истовремено да имаат место каде што се одржуваат едукативни работилници и каде се случуваат незаборавни моменти и спомени.

Извиднички центар Охрид

Извидничкиот центар Охрид, се наоѓа во близина на градот Охрид. Со својата плажа, излегува на Охридското езеро и има многу зеленило што го прави совршеното место за извидничките активности и едукација за млади. Во ИЦО постојано се организираат настани од страна на Сојуз на извидници на Македонија, а воедно и одредите на СИМ меѓу кои одредски натпревари, школи за водачи, семинари, интернационални кампови, тренинзи и т.н. Извидниците кои се дел од овие настани имаат можност да се дружат со извидници од цела Македонија и надвор од неа, доживувајќи авантури и создавајќи нови пријателства кои ќе ги помнат цел живот.

+200
ВКЛУЧЕНИ ИЗВИДНИЦИ

+20
ОРГАНИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ



Извиднички центар Орел

Извидничкиот центар Орел е лоциран на источниот раб на Овчеполската котлина и граничи со планината Манговица, под специфичниот рид Скок. Извидничкиот дом нуди сместување за 50 извидници, огромна поле за игри и едукација, река на работ на својот двор и езеро на само 7 километри јужно од домот.

Извидничкиот дом е менаџиран од ИО Гоце Делчев.



Извиднички центар Градовци



Се наоѓа во непосредна близина на Скопје, кај с.Зелениково. Пред крајот на 2015, ИО Браќа Миладиновци со помош од другите одреди започна со целосна реконструкција по која се очекува да биде целосно функционален роверски извиднички центар. Проектот за реконструкција беше поддржан од #MessengersOfPeace.

Извиднички центар Струга



Се ноѓа покрај Охридското Езеро и реката Дрим, близу до центарот на градот Струга. Покрај сместувањето во тврд објект, има и можност за кампинг на повеќе од 200 извидници. За разлика од другите центри кои се на наоѓаат на планина, во Струга има можност за активности на вода кои го прават овој центар дополнително атрактивен.

Извиднички центар Брезица



Се наоѓа во селото Катлановска Брезица, во близина на с.Катланово. Пред повеќе од 5 години ИПО Јадран вложи во градење на нов објект со соби за престој кои се користат за време на настаните организирани таму. Некои такви настани се: Меморијал Марко Граорковски, Поздрав на пролетта, Школа за водачи и други тренинзи и семинари организирани од СИМ.

Извиднички центар Голозинци



Најстариот извиднички центар во Македонија, се наоѓа во истоименото село, во општината Чашка. Центарот е место за забава и обука на извидниците од Македонија и пошироко. Традиционално, покрај другите програмски и забавни активности, се одржуваат Извиднички средби кои ги организира ИО Димитар Влахов.


SCOUTS
Создаване подобор свет

Годишен план на активности на СИМ за 2015 година

Традиционални и тековни активности

Прослава на 22 Февруари, Денот на извидништвото

Во текот на една недела Сојузот на извидници на Македонија, по повод светскиот ден на извидништвото – 22 февруари, во соработка со извидничките одреди организираше повеќе хуманитарни и општо-корисни настани.

Кампањата „Направи добро дело'' имаше за цел да промовира позитивна акција за меѓусебна поддршка во заедниците, солидарност и помош. Активностите беа посветени на зајакнување на улогата на младите во поддршка на општеството и заедниците преку организирање на активности со кои младите извидници правеа добри дела во текот на неделата.

СИМ ја започна прославата со организирање крводарителската акција која се оддржа на 19 февруари во соработка со Црвениот крст на Република Македонија во просториите на Домот на хуманитарни организации – "Даре Џамбаз". Како крводарители на оваа акција земаа учество 40 извидници. Дополнително беа организирани активности на локации низ целата територија на Република Македонија како: во центри за заштита на децата од улица, домови за деца без родители, средно училиште за глувонеми, домови за стари лица, центри за деца со посебни потреби; делење на храна, чај и чоколатца на повеќе видни локации; како и хуманитарни акции за собирање средства за поплавените подрачја и социјално загрозени семејства.

Покрај овие активности беше организиран и традиционалниот ноќен хајк на Водно кој се оддржа на 21ви февруари, на кој учество земаа 50 лица кој се искачија на врвот на Водно – Крстовар.На 22ри февруари во соработка со Кинотека на Македонија беше прикажан едукативен анимиран филм и краток видео клип во кој беа опфатени сите активности организирани по повод светскиот ден на извидништвото.



Со низата на настани Сојузот на извидници успешно го одбележа светскиот ден на извидништвото и се вклучи во светската кампања водена во 162 земји.

Поздрав на пролетта

На 22 Март во село Катлановска Брезица во организација на ИПО Јадран се организираа традиционалните средби на извидници за развигорци и извидници – Поздрав на пролетта. 280 извидници од повеќе одреди присуствуваа на настанот кој беше од забавно едукативен но и натпреварувачки карактер.

Развигорците и извидниците се натпреваруваа во серија на работилници преку кои ги проверуваа своите вештини во врзување јазли, извиднички игри и познавање на извидничката организација.

Се плашите ли од темнината? – Национален натпревар на И.О. М.М. Брицо – Скопје

Во организација на Извидничкиот одред Методија Митевски Брицо од Скопје во периодот од 17 до 19 април 2015 година се одржа традиционалниот извиднички натпревар за истражувачи и ровери – „Се плашите ли од темнината ?"

На натпреварот учествуваа 120 извидници кои се натпреваруваа на тридневниот настан во една категорија. Овој натпревар е единствениот по својата природа кои нуди ноќна ориентација во природа.

Победник на натпреварот беше екипата од ИПО Јадран од Скопје.



Извиднички меморијал Марко Граорковски

42риот Извиднички Меморијал „Марко Граорковски" се одржа од 24-26.04.2015 година во Извидничкиот Центар во село Катлановска Брезица.

На настанот учествуваа 260 извидници од одредите во Р.Македонија како и извидници од Република Србија.

Традиционалното натпреварување се одвиваше три дена низ кои натпреварувачите се натпреваруваа во повеќе извиднички дисциплини (сигнализација, јазли, ориентација во природа, движење под азимут, извидништво и прва помош).

Победник на натпреварот беше екипата од Извидничкиот Одред Методија Митевски Брицо од Скопје.



Пролетни бакнежи и прегратки – Прв Скопски Извиднички Одред

На 17 мај 2014 година во Градскиот парк во Скопје, Првиот Скопски Извиднички Одред го организираше традиционалниот натпревар „Пролетни бакнежи и прегратки 2014" кој годинава беше организиран под тематика „Пат околу светот".

На натпреварот учествуваа 120 извидници а првото место го освои екипата од Извидничко Поречанскиот Одред Јадран од Скопје.



Мајска Смотра – Извиднички Одред Марково Крувче - Скопје

На 24 мај 2015 година во организација на Извидничкиот Одред Марково Крувче од Скопје, во село Пуста Брезица се организираше Мајска Смотра на која учество земаа 180 извидници од повеќе извиднички одреди. Настанот беше од натпреварувачки карактер и учесниците се натпреваруваа во повеќе извиднички дисциплини. Мајската Смотра е првиот национален натпревар организиран од Извидничкиот Одред Марково Крувче и се очекува да прерасне во традиционален настан.

Победник на натпреварувањето беше екипата од Првиот Скопски Извиднички Одред.



Водени лудории 2015 – Извидничко Поречански Одред ГАЛЕБ – Скопје

На 13ти јуни 2014 година, Извидничко Поречанскиот Одред Галеб од Скопје традиционално го обележа крајот на учебната година и заокружи уште една успешна извидничка сезона со традиционалната акција Водени Лудории со тема од древната Елинска митологија. Учество земаа 7 извиднички одреди и тоа во 4 категории: развигорци, помлади извидници, ветерани и ИПО Галеб. Настанот се состоеше од извиднички забавни активности на вода кои се одвиваа на базенот во Кадино. Прво место на натпреварот беше екипата од Извидничкиот Поречански Одред Јадран од Скопје.



Camping Fun – Извиднички Одред Пионер – Охрид

Од 19-21 јуни 2015 година беше одржана втората акција на Извидничкиот Одред Пионер од Охрид. Акцијата беше од забавен натпреварувачки карактер во категорија извидници и помлади извидници. На кампот учество земаа 110 извидници на возраст од 11 до 21 година, од извидничките одреди „Јадран", „Галеб", „Методија Митевски -Брицо" од Скопје, „Мирко Милески" од Кичево и „Крсте Јон" од Струга.

Учесниците преку меѓусебно дружење и натпреварување во различни едукативно забавни дисциплини во вода и на копно покажаа дека најкраткиот пат за рушење на предрасудите околу постоење на различностите и стекнувањето на нови познанства е токму непосредното другарување и кампување. Преку ден, на брегот од Охридското Езеро се организираа натпревари во повеќе од 15 дисциплини, а во вечерните часови покрај логорскиот оган преовладуваше културно забавната програма преку песна и глума. Во попладневните часови пак, се организираа активности низ потесното градско подрачје, каде што учесниците пронаоѓаа одредени значајни објекти преку претходно означена карта-мапа, притоа запознавајќи се со убавините на градот Охрид.



28-ми Средби на извидници – Струга 2014 – ИПО Крсте Јон

Од 28 август до 30 септември 2015 година во Извидничкиот Центар во Струга се одржаа 27мите традиционални Средби на извидници Струга – 2015. На настанот кој се одржа во Извидничкиот Центар во Струга на крајбрежјето на Охридското езеро присуствуваа 90 извидници од повеќе извиднички одреди.



Септември Извиднички Средби - "72 години слободно Кичево"

Градот Кичево годинава покрај прославата на Денот на независноста 8-ми Септември, прослави и 72 година од првото ослободување на Кичево на 11-ти Септември 1943 година и 71 години од конечното ослободување на градот 15-ти Ноември 1944 година. Извидничкиот одред Мирко Милески од Кичево традиционално се вклучи во прославата за одбележување на денот на ослободување на Кичево со свои активности. Секако најважна активност е одржувањето на традиционалните Септември извиднички средби под мотото 72 години слободно Кичево. Овие традиционални средби се одржуваат уште од седумдесетите години од минатиот век под име „Црвениот септември" во месноста Кнежински Манастир со учество на извидници од цела поранешна Југославија. Оваа година од 11 до 13 септември средбите се одржаа во градот Кичево на уреденият простор за извиднички активности. На средбите учествуваа 140 извидници од извидничко-поречанските одреди од Р.Македонија.



Есенски банежи, прегратки...2014 – Прв Скопски Извиднички Одред

Од 19- 21 септември 2014 година Првиот Скопски Извиднички Одред традиционално ја организираше акцијата „Есенски Бакнежи, прегратки".

Акцијата е од сексуално-едукативен, како и образовно извиднички карактер.

Годинава акцијата се одржа во форма на натпреварување во извидничкиот дом Градовци. На натпреварувањето присуствуваа 50 извидници од повеќе извиднички одреди.

Државен Извидnички Ориентационен Натпревар

Во периодот од 9ти до 12ти Октомври, Сојузот на извидници на Македонија го организираше традиционалниот Д.И.О.Н. (Државен извидnички ориентационен натпревар), каде што учество земаа 80 учесници во категориите на Извидници и Истражувачи.

Оваа година Д.И.О.Н. се одржа во извидничкиот дом во с.Градовци во близина на Зелениково. Домаќин на Д.И.О.Н. беше Извидничкиот одред „Браќа Миладиновци" од Скопје.

Како и секоја година на Д.И.О.Н., категоријата на Истражувачи се натпреварувaа во областа на топографија, ориентација, прва помош и сигнализација, додека категоријата на Извидници се натпреваруваше во областа на ориентација со помош на патни знаци и прва помош.

На овогодинешниот Д.И.О.Н., Генералниот пласман го заслужи Извидничкиот одред „Јадран" од Скопје, освојувајќи прво место во трите натпреварувачки категории.

Пласман	Категорија **Истражувачи - машка**	**Истражувачи – женска** конкуренција	Категорија - **извидници**
I Место	ИПО Јадран – Скопје	ИПО Јадран - Скопје	ИПО Јадран – Скопје
II Место	ИО Димитар Влехов – Велес	ИО Димитар Влахов – Велес	Прв Скопски Извидnички Одред
III Место	ИО Браќа Миладиновци – Скопје		ИПО Јадран - Скопје



Проектни Активности

Проектната работа и во 2014 година остана столб на организациониот раст и развој на Сојузот на извидници на Македонија. Во текот на оваа година беа имплементирани два проектни предлози од фондациите Messengers of Peace и Eric Trust во вкупен износ од 40 260 $. Во двата фонда СИМ е корисник по прв пат на овие фондови. Проектните предлози се целосно посветени на само организационен развој и се состоеа од серија активности преку кои се зајакнуваше организацијата и се поддржуваа локалните единици.

Патеки кон младинска вклученост

Во 2015 година Сојузот на извидници на Македонија започна со реализација на проектот „Патеки кон вклученост„ чија цел е зголемување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки.

Преку овој проект младите од Источниот дел на Македонија работеа заедно, со цел да ги идентификуваат нивните потреби во нивните заедници како и во иднина да учествуваат во дијалог со локалните власти преку кој заеднички ќе креираат решенија и стратегии за подобрување на нивните заедници.

Проектот им овозможи на младите од овие градови да направат општествени промени чија пракса би можела да биде пример и инспирација за другите заедници.

По работата во фокус групи во текот на месец Март и Април 2015 година, проектот опфати организирање на тренинг (академија) и конференција на која ќе присуствуваа и локалните власти кои во диалог со младите ќе разговараа за политиките и проблемите кои ги засегаат младите во овие општини. Со проектот во иднина се очекува младите учесници во овој проект да останат активно инволвирани во диалог со локалните власти и да бидат нивни партнери во сите понатамошни активности, и процеси на креирање ставови, политики и стратегии.

Овој се одвиваше од месец Март до крајот на месец Мај, а во него се опфатија 4 градови: Кратово, Крива Паланка, Свети Николе и Пробиштип. Проектот е овозможен преку финансиска подршка од Европската Младинска Фондација на Евроскиот Совет.



Цел на програмата беше младите преку извидничкото движење/ преку заедничко здружување активно да се вклучат во креирањето на подобра заедница во соработка со сите чинители и институции.



Преку оваа програма младите се поттикнуваат да истражуваат за потребите на младите, креираат и имплементираат активности за подигање на свеста за одговорноста на младите кон своите заедници и го зајакнуваат дијалогот со локалните власти, институции и останати чинители на општеството.

Зголеменото учество на младите ја зајакнува заедницата а преку конструктивен активизам и ангажман се гради и силна доверба и успешна соработка со локалните институции.

Од 09 до 11 Мај во Хотел Сан Нико во Пробиштип се одржи тренинг/конференција на која младите директно работеа на потребите од кои се засегнати младите во локалните заедници и креираа планови за нивно адресирање, а на крајот на тренингот за истите потреби, дискутираа со градоначалниците на своите општини.

Проект за зголемување на младинското учество во општеството

Работен викенд за креирање на локални иницијативи

Во периодот од 03-05 Јули, Сојузот на извидници на Македонија организираше работен викенд чија цел беше презентација на локалните иницијативи на ново-формираните младински платформи од Општините Кичево, Аеродром и Центар. На овој настан кој беше финансиран од УСАИД, присуствуваа вкупно 50 млади од овие три општини.

Младите од овие три општини , во текот на овие три дена, креираа планови за спроведување на локалните иницијативи, кои вклучуваат комуникација со локалните власти и сите засегнати чинители, инструменти за мобилизација на сите засегнати граѓани

од општеството, препознавање на ризични фактори како и факторите за успех и оддржливост на иницијативата.

Овој настан беше дел од програмата на Сојузот на извидници на Македонија за зголемување на младинското учество кој е финансиран од проектот на УСАИД за граѓанско општество.





Зголемување на учеството на младите во општеството

Еден од поголемите проекти кои го спроведе Сојузот на извидници на Македонија беше проектот за Зголемување на учеството на младите во општеството во кој младите би ја имале главната улога во подигање на активизмот кон креирање на подобро општество и место на живеење.

Преку креирање на активности за директно соочување со реалните општествени потреби, младите би ја превземале улогата на креатори на квалитетно општество. Преку вмрежување со други организации и граѓани и со поддршка од локалните институции, извидниците превземаат сериозни чекори за создавање поквалитетно место на живеење.

Целта на оваа програма беше со нејзиниот иновативен и конструктивен пристап да постави успешна практика за кохезивен граѓански активизам и кој би служел како инспирација за наредните генерации на млади да бидат активни граѓани и конструктивно да го градат општеството.

Преку зајакнување, стимулирање и поврзување на младите, граѓанските организации, локалните заедници и институциите се воспостави дијалог базиран на демократски вредности и би се создале граѓански иницијативни платформи од кои ќе произлезат конкретни иницијативи со мерлив импакт и позитивна промена во заедницата на локално ниво.

Преку активностите на оваа програма во 11 локални заедници распределени низ територијата на Р.Македонија

- Се подигна иницијативноста на младите и младите кои би делувале како генератори на демократски промени во општеството.
- Се изгради дијалог и платформа со претставниците на локалните заедници во решавањето на локалните потреби и
- Се подигна учеството на младите и граѓанските организации во процесите на донесување на одлуки.



Програмата се одвиваше од почетокот на месец Март кога се создадоа првите платформи кои работеа заеднички до крајот на годината и креираа соработки, идеи ги спроведуваа во своите заедници. Со проектот младите функционираат како генератори на позитивна промена во општеството и со овие иницијативи се мобилизираа илјадници граѓани кон активен ангажман во креирањето на подобри заедници.

Во почетокот на 2016 година ќе се одржи национална конференција на која ќе се споделат искуствата и резулатите од евалуацијата како и ќе се презентира научен документ базиран на искуствата и истражувањата за време на реализирање на иницијативите.

Оваа програма беше овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество спроведуван од Фондацијата Отворено Општество Македонија.



Соработка со данските извидници

Активната соработка со Данските извидници продолжува да се продлабочува со што Данските извидници остануваат клучен партнер во создавањето на нови кадри со интернационално искуство во СИМ, а се очекува во иднина да бидат и директно вклучени во обновата на тренинг системот на СИМ. Целокупните активности на меѓусебната соработка се дел од проектен предлог финансиран од фондацијата АСОЦИО.

Обука за возрасните во извидништвото

Во периодот од 21-ви до 25-ти Мај, Сојузот на извидници на Македонија во соработка со Данските извидници и програмата ASOCIO организираше обука на тема „Возрасни во извидништвото". Обуката се оддржа во извидничкиот центар Охрид.

Оваа обука беше наменета за сите извидници над 19 години, а нејзина цел беше извидниците да стекнат голем број на нови алатки кои би ги искористиле за понатамошната работа во своите извиднички одреди, како и зголемување на мотивацијата и интернационалното искуство на учесниците.

Возрасните во извидништвото е систематска програма за управување со човекови ресурси со цел да се подобри ефикасноста, посветеноста и мотивацијата на организационите структури и да се произведат поквалитетни програми за младите луѓе и поефективна и ефикасна организација.

На обуката се обработуваа најразлични теми, меѓу кои:

- Улогата на возрасните извидници
- Управување со проекти
- Управување со време
- Комуникација
- Размена на искуства

На крајот на обуката беше организирана меѓународна вечер каде што извидниците од Македонија и Данска ги претставија своите традиционални танци, пееа фолклорни песни и приготвија дел од својата традиционална храна.





Интернационален тренинг на патролни лидери

Од 5-ти до 12-ти Јули се оддржува тренингот за патролни лидери кој Сојузот на извидници на Македонија во соработка со Данските извидници го организира по вторпат.

28 млади извидници беа дел од тренинг камп кој се оддржува во Скребатно во близина на градот Охрид.

Во текот на овие 7 дена извидниците имаат можност да се стекнат со вештини и алатки кои во иднина ќе им помогнат да напредуваат и да станат успешни водачи на патроли и јата, ќе стекнат огромно интернационално искуство, а воедно ќе имаат и голем број на забавни и авантуристички активности.





Поддршка на мигрантите во Република Македонија

Еден од најважните проекти кој се реализираше во вториот дел од годината е „Поддршка на мигрантите во Македонија“. Реализацијата на овој проект се случуваше на граничниот премин Табановце помеѓу Македонија и Србија, во близина на Куманово.

Целта на проектот е давање на помош на мигрантите кои пристигнуваат на граничниот премин, односно помош при лоцирање на места во кампот, давање на прва помош како поддршка на Црвен Крст. Освен овие обврски волонтерите секојдневно се грижеа за средување на кампот, пружаа логистичка помош и учествуваа во креирање на патокази кон граничниот премин и останати поважни локации.

Поради својата местоположба, волонтерите кои учествуваа во реализација на истиов проект се од ИО Скаут. Десеттина секојдневно се на оваа локација и работат на тоа мигрантите непречено да преминат кон Србија, а понатаму и до своето крајно одредиште.



Зелена Едукативна Програма

Изминатиот период Сојуз на извидници на Македонија вредно работеше на Зелена Едукативна Програма, проект кој е комплементарен со новата програма за извидници и развигорци, Компас. Овој труд резултира со успешен почеток на проектот, со состанок која се одржа во просториите на СИМ. На состанокот беше презентирана зелената кутија и нејзината содржина и цел на водачите кои ќе бидат дел од реализација на проектот со своите групи. Преку демонстрација на дел од активностите, прашања и дискусија водачите беа воведени во проектот.

Извидништвото и природата се неразделиви бидејќи најголем дел од едукацијата и активностите во извидничката организација се одвиваат во природа.

Зелената кутија е алатка која содржи материјали кои ќе им помогнат на групите преку игри и забава да ја осознаат природата, нејзините ресурси, како да ја штитат и сочуваат истата.

Во прилог на кутијата има и зелена едукативна брошура која ќе ги води низ проектот водачите и извидниците од нивните групи.

"Ова претставува новост во програмата со Сојузот на извидници на Македонија и тоа што досега го знаеме во теорија, ќе го примениме во практика, преку игри, активности на отворено и работилници"

Овој проект е дел од кампањата "Kilometres Soleil" со поддршка на Сојузот на Извидници на Франција (Scouts Guides De France).



Средби на земјите од Југо – источна Европа



Сојузот на извидници на Македонија во периодот од 18ти до 20ти септември беше домаќин на 3тата средба на земјите од Југоисточна Европа. Настанот се одржа во Извидничкиот Центар во Охрид и на него присуствуваа вкупно 42 извидника од 9 земји (Македонија, Бугарија, Грција, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија и Израел). На средбите присуствуваа и претставници од Messengers of Peace – Vojtech Broucek и Европскиот извиднички регион Andrea Demarmels и Chip Veerle Haverhals .

Главната цел на настанот беше вмрежување на земјите од регионот, идентификување на заедничките потреби и можностите за поддршка од страна на Европскиот извиднички регион и Messengers of Peace. Исто така се креираа и предлози за новиот регионален план за работа 2016-2019 и за прием на Сојузот на извидници на Израел во групата за работа на Југоисточна Европа.

Програмата на средбите беше многу разновидна им понуди на присутните квалитетни работни сесии, но и време за дружење и запознавање со убавините на Охрид.



бти европски извиднички симпозиум во Скопје

Сојузот на Извидници на Македонија беше домаќин на 6-от Извиднички Европски Симпозиум, организиран од Светска Организација на Извидничкото Движење- Европски Извиднички Регион (World Organisation of the Scouting Movement– European Scout Region) кој се одржува од 3 до 6 декември 2015 год. во Скопје, Македонија на кој присуствуваа повеќе од 140 извидници од цела Европа.

Мотото на настанот беше "**Think outside. No box required**."

Настанот свечено беше отворен од д-р Фатмир Бесими, Вице Премиер на Република Македонија задолжен за Евроинтеграции, а поздравен говор имаа Претседателот на Европскиот Извиднички Комитет, г. Андреа Демармелс и Старешината на Сојузот на извидници на Македонија, г. Огнен Стефановски.

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов писмено се обрати до присутните извидници на симпозумот во Македонскиот Народен Театар на 04.12.2015 год, преку кој ги искажа своите симпатии према извидниците и извидничката мисија.

Симпозиумот претставува еден од најголемите европски младински настани кои се дел календарот на Европскиот Извиднички Регион. По низа претходно релизирани Симпозиуми во Словенија (2001), Италија (2003), Кипар (2006), Унгарија (2009) и Ирска (2013) се покажа дека повеќемесечната работа на волонтерите од Сојузот на извидници на Македонија резултира да овој симпозиум биде незаборавен.

Целта за организирање на настан од овој тип беше да се направи преглед на постигнатото во претходните 3 години и план на тоа што да се постигне до крајот на периодот и што треба да се промени во иднина. Извидничкиот план ќе ја обликува едукацијата и младинските политики на повеќе од 2 000 000 млади во Европа.

Во неколку групи преку работилници, делегатите дискутираа за работата на Европските Извиднички Организации во моментот и идентификување на потребите на младите и извидниците.

Како дел од темите кои се дискутираа на симпозиумот се и извидичките методи, diversity & inclusion, обврска кон духовните вредности, како и целокупна визија –ВИЗИЈА 2023 година.

На Симпозиумот учествуваа 120 гости од највисоките раководства на четириесет национални сојузи на извидници, кои членуваат во Европскиот извиднички регион и 20 делегати од другите извиднички региони, 4 членови на Светскиот Извиднички Комитет и вработени во канцеларијата на европскиот Извиднички Регион во Женева.

Овој симпозиум немаше да биде тоа што беше, да не беа тие 40тина волонтери извидници од националната извидничка организација кои се грижеа за настанот, давајќи целосна логистичка поддршка, за на крај да биде оценет како незаборавен.





Учество на интернационални настани

Учество на 23та Светска извидничка смотра – Јапонија

Како најголем светски извиднички интернационален настан оваа година беше Светската смотра во Јапонија во областа Јамагучи на местото Кирара-хама. Македонскиот контингент се состоеше од 4 учесници со водач и 7 извидници како дел од сервис тимот на смотрата. Поминати прекрасни 12 денови во прекрасната Јапонија во период од 28.07 до 08.08, не беа доволни за целосно да ја доживеат магијата што ја пренесува настан од ваков тип. Водејќи се по мотото на смотрата "Spirit of unity", како дел од 35.000 извидници учесници, нашите извидници се беа дел од многу работилници, како и посета на Хирошима, забавни активности на вода и друго..

Учество на најголемата европска смотра, "You are up" - Франција

Последователно на светската извидничка смотра, во период од 16 – 23.08, 18 македонски извидници земаа дел од најголемата европска извидничка смотра во организација на Сојузот на извидници на Франција, во Стразбур на која присуствуваа повеќе од 15.000 извидници од цела Европа. На смотрата и претходеше камп со француски извидници од Лион, како би се зајакнале односите. Преку работилници и активности на смотрата, извидниците се едуцираа за европското граѓанство, се стекнаа со лидерски способни и ја доживеаа убавината во разновидноста. Лошото време и силната бура која ги зафати извидниците, не беше ни најмала пречка да си поминат одлично.

Ерасмус + размени и партнерства

12 извидници беа дел од интернационален камп – **S.C.Out.E.D** кој го организираа извидниците од Малта на островод Гозо. На многу топло време, извидниците поминаа 10 дена на камп покрај обалата на Средоземно Море во шатори, каде целта беше вмржување, размена на извиднички искуства и создавање нови пријателства.

Паралелно со кампот во Малта, на почетокот на август, група од 6 извидници земаа учество на 10 дневниот **меѓународен извиднички камп** во **Нокрих, Романија**, како би се поттикнала интернационалната и културна размена и младинското вмрежување, како и запознавање со културата и традициите од регионот.

Последен камп на кој присуствуваа македонски извидници, од ваков тип беше **Farm2Fork** кампот во **Малта**, каде извидниците обработуваа теми од областа на храната, недостаток на храна во земјите во развој, масовното производство на храна и друго.

Состанок за вмрежување на претставници во надворешни тела - Порто, 26 - 29.10.2015

Целта на состанокот беше да се подобри ситуацијата и уделот на нашите членови (MOs and NSOs) врз општеството преку поддршка во полето на Надворешни работи. Состанокот за вмрежување ја понуди можноста на волонтерите кои работат во полињата на Надворешни работи, комуникација, партнерство или други блиско поврзани полиња од секоја организација да се состанат и да истражат како надворешните врски можат да помогнат на нашите членови за подобро да ја спроведат мисијата на Извидниците и Лидерите и да ја подобрат позицијата и статусот во општеството, во соработка со други интернационални партнери.


Средба за старешини и началници - Порто, 30.10 - 01.11.2015

Целта на овој состанок беше да се состанат старешините и началниците, да се вмрежат и да ги споделат своите идеи и искуства. Целиот настан се состои од повеќе состаноци за вмрежување кои се одржани на Регионални Конференции каде е јасно дека целта и желбата е да се најдат можности за овие волонтери, да разменат и споделат со волонтерите кои работат во исти или слични области.

Средба на претставници на извршни одбори - Порто, 01 - 03.11.2015

Како и претходно, целта на состанокот беше да се овозможи шанса за сениорите во организациите да се состанат и да ги разменат своите искуства, предизвици, најдобри практики и проблеми. Идејата не беше за овој настан да биде тренинг. Таргет групата беа постарите лидери на организациите на ниво на Извршни одбори или еднакви, и нивните заменици.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА


Приходи во 2015
Изнајмувања и услуги 2%
Членарини 2%
Банкарски провизии и
Котизација за настани 7%
Позајмици 11%
Повраток на позајмици 1%
Проектно работење 77%

Приходи во 2015 на Сојузот на Извидници на Македонија по ставки:


Приходи	Главна сметка	Проект за зголемување на младинското учество – УСАИД	Проект за зачувување на природата – Брегалница	**Вкупно**
Членарини	125,000			**125,000**
Проектно работење	4,164,198	1,212,687	223,801	**5,600,686**
Повраток на позајмици	90,000			**90,000**
Позајмици	813,000			**813,000**
Учество на настани	510,850			**510,850**
Изнајмувања и услуги	114,000			**114,000**
Банкарски провизии и камати	6,940			**6,940**

Вкупно приходи : 7,260,476 Денари

РАЗЛОЖЕНИ ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ

Име на проект	Сума
Messengers of Peace – Гласници на Мирот	2,338,627
Проект за зголемување на младинското учество – УСАИД	1,212,687
Европски извидnички Симпозиум – Скопје	700,932
Проект за зачувување на природата – Брегалница	223,801
Eric Frank Trust	40,499
Совет на Европа	492,943
Проект со Француските извидници	490,270
Меѓународна вежба – IPA Campex 2015	24,520
Младински размени и обуки – Еразмус +	76,407
Вкупно : 5,600,686	




Расходи во 2015 година
Тужби и извршувања 4%
Кирија 2%
Плати 7%
Патни трошоци и гориво 1%
Трошоци на службени патувања 1%
Материјални трошоци 3%
Банкарски провизии 0%
Административни трошоци 2%
Режиски трошоци 0%
Хонорари 11%
Членарини 1%
Позајмици 5%
Долгови 10%
Учество на настани 9%
Организација на активности 1%
Организација на проектни активности 42%
Плати
Хонорари
Членарини
Позајмици
Долгови
Учество на настани
Организација на активности
Организација на проектни активности
Режиски трошоци
Административни трошоци
Банкарски провизии
Патни трошоци и гориво
Материјални трошоци
Трошоци на службени патувања
Тужби и извршувања
Кирија

Расходи во 2015 година на Сојузот на Извидници на Македонија по ставки:


Расходи	Главна сметка	Зголемување на младинско учество – УСАИД	Проект за зачувување на природата - Брегалница	ВКУПНО
Плати	473,599			**473,599**
Хонорари	566,077	161,645	24,000	**751,722**
Членарини	68,156			**68,156**
Позајмици	340,000			**340,000**
Долгови	685,000			**685,000**
Учество на настани	572,527			**572,527**
Организација на активности	72,105			**72,105**
Организација на проектни активности	1,968,678	825,026	22,000	**2,815,704**
Режиски трошоци	21,970			**21,970**
Административни трошоци	281,942			**281,942**
Банкарски провизии	25,450	5,215	847	**31,512**
Патни трошоци и гориво	29,551	16,410		**45,961**
Материјални трошоци	188,697	18,900		**207,597**
Трошоци на патувања	36,435			**36,435**
Тужби и извршувања	79,314			**79,314**
Кирија	54,840	109,560		**164,400**

Вкупно расходи : 6,647,944 Денари

САЛДО: 621,532 денари

ИЗВИДНИЧКИ ЦЕНТАР ОХРИД


ПРИХОД ОД РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ	5,783,628
РАСХОДИ ОД РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ	5,119,518
САЛДО	644,110



ВКУПЕН БУЏЕТ НА СОЈУЗОТ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

13,044,104 денари (232,930$)

¿Каде сме?



Ул. Јосиф Јосифовски
Свештарот 34/Б, Скопје

☎ 02/ 521 1520

www.scout.org.mk

Партнери и поддржувачи на Сојузот на извидници на Македонија во 2015 година

Messengers of Peace

SCOUTS
Creating a Better World

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

eft
the eric frank trust

asocio


СКОПЈ
2016
SCOUTS